**Повик за експерт**
**за изработка на Прирачник за спогодбено решавање спорови во проектот: „Партнерство меѓу граѓанското општество и деловниот сектор – развивање иновативен модел за мобилизација на финансиски средства“ (активност 2.4.2)**

1. **Цел на проектот „Партнерство меѓу граѓанското општество и деловниот сектор – развивање иновативен модел за мобилизација на финансиски средства“**

Проектот ќе развие и промовира иновативен модел за соработка меѓу граѓанскиот и бизнис секторот преку воведување сертификат за фер однос кон потрошувачите, што ќе го доделуваат граѓански организации како услуга насочена кон бизнис заедницата. Проектот на тој начин ќе придонесе за диверзификација на изворите на финансирање на граѓанското општество и влијанието врз спроведување на политики за заштита на потрошувачите и животната средина. Активностите ќе бидат спроведувани до 31.08.2019 год.

2. **Цел на повикот за изработка на Прирачник за спогодбено решавање спорови**

Експертот треба да обезбеди стручна поддршка на Проектот „Партнерство меѓу граѓанското општество и деловниот сектор – развивање иновативен модел за мобилизација на финансиски средства“ во изработка на Прирачник за спогодбено решавање спорови (Прирачник).

Прирачникот треба да има практична примена при решавање спорови настанати помеѓу компаниите и потрошувачите, да понуди заедничко прифатливо решение за одредени проблеми кои настануваат во праксата користејќи ги законските прописи и добрите деловни пракси при тоа имајќи ги предвид насоките од техничките спецификации ИСО 10003 за спогодбено решавање споровите и ИСО 10002 за постапување по поплаки.

3. **Спроведување на активноста и очекувани резултати**

Со избраниот експерт ќе се склучи авторски договор со кој ќе се прецизираат правата и обврските на договорните страни.

Од експертот се очекува да испорача:

- Предлог Прирачник за спогодбено решавање спорови

## 4. Начин на пријавување и избор

Заинтересираните кандидати треба да ги достават документите за пријавување исклучиво во електронска форма на opm@opm.org.mk (со назнака: повик за експерт за изработка на **Прирачник за спогодбено решавање спорови**) заклучно со 23.04.2018
Максималниот бруто износ на кој може да се склучи договор по овој повик е 1.500 евра.
**Документите за пријавување вклучуваат:**

а) Мотивациско писмо
б) Професионална биографија
в) Методологија на работа
г) Финансиска понуда (вкупен бруто износ, изразен во евра)

**Експертот ќе се избере врз основа на најдобра вредност за побараниот надомест, утврдена со следниве критериуми:**

- Познавање и работа на законската рамка за заштита на потрошувачите и договорното право;
- Квалитет на предложената методологија за изработка на Прирачник за спогодбено решавање спорови;
- Понудена вкупна/бруто цена;

За сите дополнителни прашања или појаснувања во врска со повикот, ве молиме обратете се до opm@opm.org.mk